**20250871920**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за градежно земјиште,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 23 април 2025 година.

Бр. 08-2385/1
23 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

### ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Во Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24 и 233/24), во член 93 ставот (1) се менува и гласи:

„Општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје водат електронски Регистар на отуѓено и дадено под долготраен и краткотраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кој регистер е дел од информацискиот систем од член 46 од овој закон.“.

Член 2

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија на кое до денот на влегувањето во сила на овој закон има изградено објекти врз основа на правосилно одобрение за градење од страна на физички или правни лица кои се стекнале со правото на градење врз основа на претходно склучено правно дело со државни органи, јавни претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија или општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, може да се даде на трајно користење или да им се пренесе правото на сопственост само на оние државни органи, јавни претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, кои го склучиле правното дело.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.